

2016 - 2020

# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

# НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

# Стратегија за локален економски развој

# на Општина Струмица

# 2016-2020

**Мај 2016г.**

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
YOUTH EMPLOYABILITY SKILLS NETWORK

**Оваа публикација е финансирана од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој – УСАИД Македонија, во рамките на Проектот Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (Мрежа ЈЕС), кој го спроведува Центарот за развој на образование (ЕДЦ). Ставовите на авторот искажани во оваа публикација не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.**

**Содржина**

1. РЕЗИМЕ ... 4

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ... 5

3. АНАЛИЗА НА ОПКРУЖУВАЊЕТО ... 6

3.1 Профил на Општина Струмица ... 6

3.2 Патна и друга инфраструктура ... 10

3.3 Поволности при инвестирање ... 11

3.4 Рурален туризам ... 12

3.4.1 Село Банско ... 12

3.4.2 Село Габрово ... 13

3.4.3 Село Вељуса ... 13

3.5 Човечки ресурси ... 13

3.6 Економска состојба во Југоисточниот Регион ... 16

3.7 Економска состојба во Општина Струмица ... 17

4. SWOT АНАЛИЗА НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА ... 19

6. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ ... 21

6.1. Визија ... 21

6.2. Мисија ... 21

6.3. Приоритетни области и стратешките цели со специфицни цели и активности ... 22

6.3.1Приоритетни области ... 22

6.3.2 Стратешки цели ... 22

7. НАСОКИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ... 26

7.1 Разликата меѓу мониторинг и евалуација ... 27

7.2 Индикатори ... 27

7.3 Извори за верификација ... 27

8. ПОСТАПКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ... 28

8.1 Процес ... 28

8.2 Идентификација на ризик ... 28

8.3 Анализа на ризикот ... 28

8.3.1 Квалитативна анализа на ризик ... 29

8.3.2 Веројатност ... 29

8.3.3 Влијание ... 29

8.3.4 Квантитативна анализа на ризикот ... 29

8.4 Одговор и планирање на ризик ... 29

9. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА, 2016-202031

# 1. РЕЗИМЕ

Стратегијата за локален економски развој на Општина Струмица за периодот 2016 – 2020 година (во натамошниот текст, Стратегијата) е изработена со учество на сите засегнати страни во областите на делување на стратегијата: економија и инвестиции, земјоделие и рурален развој, животна средина и енергетска ефикасност, инфраструктура и урбанистичко планирање и развој на работна сила.

Стратешкото планирање е демократски процес за креирање на визија, мисија и стратегии за достигнување на посакуваната иднина на една организација (во случајот општина) и претставува корисна алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ.

Во подготовката на планот беа вклучени претставници на сите целни групи од областите на делување, кои од свој аспект дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ, кој ги отсликува потребите и предлозите на засегнатите страни.

Визијата за стратешкиот развој на Општина Струмица е: Општина Струмица до 2020 ќе биде водечка општина во регионот, со одржлив развој на економијата, унапредено земјоделско производство и висок станадард/квалитет на живот во урбаните и руралните средини, заштитена и чиста животна средина, со планирана и квалитетна инфраструктура согласно потребите на граѓаните, обезбеден постојан развој на работната сила во општината, како и со нулта толеранција за корупција[1].

Согласно на визијата, мисијата дефинирана во процесот на стратешкото планирање е: Општина Струмица, која е веќе економски развиена, до 2020 ќе биде со повеќе атрактивни инвестициски можности за натамошен забрзан развој на економијата и на земјоделството, со здрава животна средина, со современо просторно и урбано планирање, но и со енергетски ефиксни јавни и приватни објекти, со развиена инфраструктура, со стручна администрација која работи по највисоки стандарди со цел да обезбеди високо квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата.

МОТО: Струмица е општина на сонцето (има огромен недоволно искористен ресурс - сончева енергија)

Тимот за изработка на Стратегијата, издвои пет стратешки цели и дефинираше сет на активности неопходни за остварување на поставените цели и тоа:

1. Одржлив развој на економијата и обезбедени конкурентни инвестициски можности и нивна забрзана реализација

2. Унапредено земјоделство и зголемен квалитет на живот во руралните средини

3. Заштитена и здрава животна средина со енергетски ефикасни јавни и приватни објекти

4. Подобрена инфраструктура и урбанистичко планирање во согласност со годишните програми и потребите на граѓаните, и

5. Високо развиена и обучена работна сила, според потребите на економските капацитети

---

[1] http://strumica.gov.mk/downloads/uslugi/politika_na_integritet.pdf

Со имплементацијата на Стратегијата ќе се придонесе кон унапредување на економскиот развој пред се’, што дополнително поволно ќе влијае и на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Општина Струмица во целост. При изработка на овој документ, работната група, формирана со Решение на Градоначалникот на Општината, бр.09-8415, од 09.11.2015, ги имаше предвид сите јавно достапни информаци, пред се’ на официјалната страна на Општина Струмица[2] , како и досегашни плански документи на Општината во повеќе области, а особено:

- Платформа за развој на Општина Струмица 2007–2015 година[3]
- Програма за енергетска ефикасност на Општина Струмица 2009 - 2013[4]
- Стратегија за млади 2015 – 2020
- Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор 2015 – 2020
- Стратегија за развој на образованието 2015 – 2020
- Стратегија за социјална заштита на своите граѓани 2015 – 2020
- Профил на струмичкиот регион – општините Струмица, Ново село, Босилово и Василево[5]
- Програма за развој на Југоисточен развоен регион 2015 - 2019[6]
- Бизнис центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во Југоисточниот плански регион [7]
- Ефикасно користење на сончевата енергија за подобра иднина – SP FUTURE (согласно EU LEADER пристапот во општини од Југоисточниот плански регион)[8]
- Стратегија за родова еднаквост 2013 - 2020 (врз основа на истата, во тек е подготовка на Стратегија за родова еднаквост на Општина Струмица)[9]

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Стратегијата во нацрт верзија беше подготвена на неколку еднодневни работни средби со учество на сите засегнати страни во приоритетните области: претставници на Локално економско-социјален совет на Општината во кој се застапени членови/претставници на бизнис секторот, на невладините организации, претставници од јавниот сектор/општинската администрација (согласно горенаведеното Решение на Грдоначалникот на Општината), и тоа во периодот октомври 2015 – јануари 2016 година.

Нацртот на Стратегијата, особено Акциониот план, беше разработен од работната група на дводневна работилница, а беше доработен во консултација на целиот тим. По предлог верзијата на Стратегијата се

[2] http://strumica.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=51&Itemid=289&lang=mk
[3] http://strumica.gov.mk/downloads/ler/platforma_ler.pdf
[4] http://strumica.gov.mk/downloads/ler/FINAL_Strumica_MEEP_Draft_2009-2013.pdf
[5] http://www.strumica.gov.mk/downloads/ler/PROGRAMA4.pdf
[6]http://www.rdc.mk/southeastregion/files/law/plan.pdfhttp://www.strumica.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=170&Itemid=148&lang=mk
[7]http://www.rdc.mk/southeastregion/files/proekti/%D0%91%D0%B8%D0%B7%D0%BD%D0%B8%D1%81_%D1%86%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D1%80_-%D0%9C%D0%9A.pdf
[8] http://www.rdc.mk/southeastregion/files/proekti/SP_Future_MK.pdf
[9] http://inspiriraj.mk/sites/default/files/Strategija%20za%20rodova%20ednakvost%202013-2020.pdf

изјаснија и  граѓаните и сите засегнати страни во Општината, на јавен форум. По инкорпорирање на сите прифатливи забелешки и сугестии, по Стратегијата расправаше и Советот на Општината Струмица, по што истата беше донесена со вградување на дополнителните укажувања по кои е постигната согласност.

Самата подготовката на текстот на Стратегијата ги содржеше следните чекори:
- Анализа на опкружувањето;
- SWOT Анализа;
- Дефинирање визија, мисија и заеднички вредности на Општина Струмица;
- Дефинирање на приоритетни области, стратешките цели и проекти;
- Насоки за следење и оценка на резултатите (мониторинг и евалуација)
-Постапка за управување со ризиците[10] и
- Подготовка на акционен план за имплементација

Покрај работата во групи, беше подговена и анкета/прашалник за утврдување на состојбата, идентификација на проблемите на бизнис секторот, како и прибирање на предлози за подобрување на економијата со цел за севкупно подигање на квалитетот на живот и условите за работа на граѓаните во Општина Струмица. На тој начин, во подготовката на документот најголем број од засегнатите страни, секој од свој аспект, дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ кој ги отсликува потребите и предлозите на населението во Општината.

Изработката на Стратегијата беше поддржан и од проектот - Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (во понатамошниот текст: „Мрежата ЈЕС“) финансиран од Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД). Целиот процес беше воден од локалниот консултант, ангажиран од овој Проект, г-ѓа Јадранка Кунгуловска.

# 3. АНАЛИЗА НА ОПКРУЖУВАЊЕТО

## 3.1 Профил на Општина Струмица[11]




Општина Струмица се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Република Македонија. Таа е сместена во западниот дел на плодната Струмичка Котлина, веднаш под тромеѓето на меѓудржавните граници со Бугарија и Грција. Општина Струмица на исток се граничи со Општина Босилово, на запад со Општина Конче, на север со Општина Василево, на југоисток со Општина Ново Село, на југозапад со Општина Валандово.

Општина Струмица е најголема општина во Југоисточниот плански регион и претставува своевиден административен, образовен и економски центар во овој дел на државата. Општината се протега на вкупна површина од 321,89 м2.

[10] Општина Струмица има изработено Стратегија за управување со ризици во 2009 год., која е донесена од страна на Градоначалникот на Општината и од март 2009 практично се применува во работата на органите на Општината. Во тек е процесот на ажурирање на оваа Стратегија, со изготвување на мапа на ризици.

[11] http://strumica.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=51&Itemid=64&lang=mk

Во Општина Струмица се застапени сите стопански сектори. Доминантно е учеството на индустријата со индустриските гранки: текстилна, дрвна и прехрамбена, а во подем се градежната, метало-пребаротуваčката и електро-индустријата. Струмица е трговски центар во регионот и има значење во меѓународни рамки.




Историски, од Астраион, преку Тивериопол па се' до Струмица, материјалното и духовното богатство на овој град постојано се зголемувало. Цареви кули, заедно со локалитетите Св. Петнаесет Тивериополски Свештено-маченици, Орта Џамија, Доцноримското лекувалиште во Банско, манастирските комплекси во Водоча и Вељуса го заслужуваат должното внимание од секој случаен или намерен посетител на Струмица. Главни компаративни предности на Општината се: блискост и поврзаност до европските граници и пазари, достапност до природен гас, уредени индустриски зони, развиено стопанство, поволни климатски услови за развој на земјоделството, богато природно, културно и историско наследство и висок квалитет на живот.

Законот за територијална организација на РМ („Службен весник на РМ" бр. 55/04, 12/05, 98/08 и 106/08) ја дефинира Општината Струмица како територија од 25 населени места. Оваа територија ја сочинуваат градот Струмица, кој воедно е и најголемото и најразвиено населено место и 24 села и тоа: Куклиш, Муртино, Банско, Дабиле, Добрејци, Вељуса, Просениково, Попчево, Костурино, Баница, Градско Балдовци, Сачево, Габрово, Рич, Свидовица, Водоча, Дорломбос, Раборци, Мемешли, Орманли, Белотино, Три Води, Злешево и Чепели.

Во согласност со Законот за локална самоуправа, Општината ја раководат Градоначалник и Совет на Општината кој брои 23 члена на Советот на Општината. Општинската администрација е раководена од страна на Секретарот на Општината. Таа е организирана во 6 сектори и тоа: Сектор за правни, административни, општи работи и јавни дејности, Сектор за финансиски прашања, Сектор за урбанизам и комунални работи, Сектор за ЛЕР и заштита на животната средина, Сектор за инспекциски работи – Инспекторат и Сектор за управување со човечки ресурси и обуки.




Официјалниот јазик на кој што Општината и администрацијата комуницираат со граѓаните и локалните институции е македонскиот јазик.

Општината во својата работа ги има воведено меѓународниот стандард за управување ISO 9001:2008 и меѓународниот стандард за управување со околината ISO 14001:2004[12]. Општина Струмица има Б1 кредитен рејтинг издаден од меѓународната кредитна агенција Moody's, како и сертификат за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (BFC).

[12] http://www.strumica.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1571%3A2013-06-28-08-10-28&catid=240%3A--2013&Itemid=55&lang=mk

**Табела: Основни податоци за Општина Струмица**

| | Население (Попис 2002) | Површина (ха) | Населени места |
|---|---|---|---|
| Општина Струмица | 54.676 (31,90%) | 32.149 (11,06%) | 25 (13,30%) |
| Југоисточен регион | 173.572[13] | 290.740 | 191 |

Во следнава табела е прикажано движењето на бројноста на населението во Општината во периодот 2008-2014 година каде се забележува вкупен пораст од 1,7%. Во 2014 година, во Општината Струмица се родиле 704 деца, а умреле 553 жители, со што природниот прираст изнесува 151 жител.

**Табела: Население во Општина Струмица во периодот 2008-2014[14]**

| Проценка на населението во Општина Струмица во периодот 2008-2014 (според полот) | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Струмица | Вкупно | | | | | | |
| | 2008г. | 2009г. | 2010г. | 2011г. | 2012г. | 2013г. | 2014г. |
| Вкупно | 55 823 | 55 997 | 56 210 | 56 280 | 56 440 | 56 615 | 56783 |
| Мажи | 27 832 | 27 934 | 28 037 | 28 079 | 28 180 | 28 288 | 28 378 |
| Жени | 27 991 | 28 063 | 28 173 | 28 201 | 28 260 | 28 327 | 28 405 |

Според податоците од Пописот на населението и домаќинствата од 2002 година, спроведен од Заводот за статистика, етничкиот состав на Општината е следниов: 92% Македонци, 6,9% Турци, 0,34% Срби, 0,27% Роми, и по 0,005% Албанци и Власи, а 0,6% друго население.

Во однос на внатрешните миграции на населението во Општината Струмица, податоците од Заводот за статистика за 2014 година покажуваат релативен баланс на движењата во однос на доселените и отселените лица во Општината во/од останатите општини од РМ. Вкупниот број доселени лица изнесува 180, додека вкупниот број отселени лица од Општината е 173.

Либерализацијата на визниот режим, сиромаштијата и сè поголемите можности за младите да учат, студираат и работат надвор од државата, овозможуваат зголемување на трендот за иселување на младото и работоспособното население од Општината. На територијата на Општина Струмица е присутен трендот на отселување надвор од РМ, посебно кај населението од руралните средини и студентската популација. Неофицијалната бројка на луѓето кои ја напуштиле Општината од економски причини е поголема од илјада, со тенденција на постојан пораст.

## 3.2 Патна и друга инфраструктура

Јавните патишта според нивното државно, економско, стопанско и сообраќајно значење и нивната изграденост се поделени на државни и општински. Според државното, економското, стопанското и сообраќајното значење, како и нивото на изграденост, дел од државните патишта се категоризираат како автопатишта, експресни патишта и магистрални патишта (А-патишта). Тие служат за поврзување на Република Македонија со европскиот патен систем и одржување на континуитет на меѓународната патна мрежа (меѓународните коридори - Е патишта), како и поврзување на патната мрежа со меѓународни патни гранични премини и сообраќајно поврзување со патиштата на соседните држави. Вкупните државни патишта се поделени на: А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта), Р1 – Регионални патишта од прва категорија и Р2 - Регионални патишта од втора категорија.

[13] Во Анекс/Прилог 2 на Стратегијата е сертифактот за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (BFC)
[14] Извор: Завод за статистика

Општина Струмица има индиректен пристап на автопатот А1 преку регионалниот патен правец Р1401, индиректен пристап на магистралниот патен правец А3 преку Р1302, како и директен пристап на магистралниот патен правец А4.

Регионални патни правци кои поминуваат низ Општината се: Р1302, Р1401, Р1402, Р1403, Р2432 и Р2434.

Во прегледот подолу се наведени сите патишта преку кои е поврзана Општина Струмица.

**Табела А - Патишта (автопатишта, експресни патишта, магистрални патишта) што поминуваат низОпштина Струмица**

| Реден број | Пат бр.(ознака) | Патен правец |
|---|---|---|
| 1 | А4 | Граница со Р. Косово (ГП Блаце) – Крстосница Стенковец - обиколница Скопје - Петровец - Миладиновци - Свети Николе - Штип - Радовиш - Струмица - граница со Р. Бугарија (ГП Ново Село) |

**Табела Р1 - Регионални патишта од прва категорија што поминуваат низ Општина Струмица**

| Реден број | Ознака | Релација |
|---|---|---|
| 1 | Р1302 | Делчево (врска со А3) - Пехчево - Берово - Дабиле (врска со А4) |
| 2 | Р1401 | Струмица (врска со А4) - Раброво - Валандово - Балинци-Марвинци (врска со А1) |
| 3 | Р1402 | Куклиш (врска со Р1401) - Банско - Ново Коњарево (врска со А4) |
| 4 | Р1403 | Радовиш - Владевци - Василево - Струмица (врска со А4) |

**Табела Р2 - Регионални патишта од втора категорија што поминуваат низ Општина Струмица**

| Реден број | Ознака | Релација |
|---|---|---|
| 1 | Р2432 | Струмица (врска со А4) - Вељуса - Василево (врска со Р1403) |
| 2 | Р2434 | Врска со Р1401 - Рич - врска со Р2433 |

Подолу е дадена оддалеченоста на Општина Струмица од важните инфраструктурни јазли (аеродроми, железница, пристаништа и гранични премини) како и до одредени поважни градови.

а) Оддалеченост од аеродроми: Аеродром Александар Велики – Скопје – 132км; Аеродром Св. Апостол Павле – Охрид - 258 км; Аеродром Солун, Грција - 147 км; Аеродром Софија, Бугарија – 237 км.

б) Оддалеченост од железница: Железничка станица Гевгелија - 48 км; Железничка станица Миравци - 38 км; Железничка станица Штип - 66 км.

в) Оддалеченост од пристаниште: Пристаниште Солун, Грција – 124 км; Пристаниште Драч, Албанија - 422 км; Пристаниште Бургас, Бугарија – 572 км.

г) Оддалеченост од гранични премини: Граничен премин Дојран - Грција 46 км; Граничен премин Богородица - Грција – 50 км; Граничен премин Ново село – Бугарија 27 км; Граничен премин Табановце - Србија 163 км; Граничен премин Блаце – Косово169 км; Граничен премин Ќафасан – Албанија 270 км.

д) Оддалеченост на Општината од поважни градови: Скопје 150 км, Солун 124 км,Софија 234 км, Белград 565 км, Загреб 953 км, Истанбул 710 км, Будимпешта 937 км и Виена 1.173 км.

## 3.3 Поволности при инвестирање

Една од најзначајните поволности што треба да се спомене во овој контекст е намалувањето на комуналните такси за изградба на нови производни погони.

Инвеститорот кој е решен да придонесе за развој на стопанството и бизнис секторот, Општина Струмица му овозможува намалување на комуналната такса, се' со цел да ги поттикнат да се развиват со зголемена динамика и правци кон кои тежат сите европски земји. За да ги искористи тие поволности инвеститорот треба да ја достави потребната техничка документација потребна за градба, да го достави бизнис планот за погонот кој ќе се подготвува  во Одделението за локален економски развој во Општина Струмица.

Со доставената техничка документација се пополнува и формулар со потребни податоци за инвеститорот. Целосната документација ќе биде разгледана во Секторот/Одделението за локален економски развој, кои ќе се базират врз одредени критериуми по кои ќе биде извршено намалувањето на комуналните такси за потенцијалните инвеститори.

Критериумите ќе бидат изградени врз база на следните параметри и тоа:

- Висина на инвестицијата
- Број на нови вработувања
- Број на вработување од високо-образовен кадар
- Користење на суровини од домашно (локално) потекло
- Големина на пазарот
- Процент на извоз
- Производство на готов или полуготов производ
- Воведување на нова технологија и креирање на нови асортимани на производи
- Како најзначаен и посебен критериум е еколошкиот аспект на новите производни погони.

Врз основа на целосната документација доставена од инвеститорите, Одделението за локален економски развој (ЛЕР) ќе  изготви писмен извештај во кој ќе биде образложено намалувањето на комуналната такса. Целата документација ќе биде разгледана и потврдена со одлука на  Советот на Општина Струмица. Со преземената конкретна активност Општина Струмица ќе овозможи олеснување на инвеститорите како и стимулирање за отворање на нови производствени погони и развој на мали и средни претпријатија, се' со цел Општина Струмица да

биде современа и економски развиена Општина. Друга голема поволност која ќе допринесе инвеститорот да не се колеба и да ја избере Струмица како дестинација за инвестирање е неодамна имплементираниот проект за гасификација на Струмица со природен гас, со што Струмица стана прва Општина во Македонија која е гасифицирана преку виртуелен гасовод. Има гасоводна мрежа до речиси сите индустриски зони и ЈП Струмица Гас нуди поволности за потенцијалните инвеститори кои се заинтересирани за  приклучување кон гасоводниот ситем, бидејќи природниот гас е најекономичниот и еколошки најдобар енергенс.

## 3.4 Рурален туризам

Еден од најзначајните сегменти од севкупната туристичка понуда на Општина Струмица е секако руралниот туризам кој нуди мозаик од многу природни убавини и автентични објекти од недвижното културно наследство од овој крај. Селата Банско,Вељуса, Водоча и Габрово се вистински репрезенти на тој вид туризам, а присуството на ендемскиот папрат Osmunda Regalis на падините на Беласица, како исклучителен природен раритет, е вистински предизвик за туристите[15].

### 3.4.1 Село Банско

Во близина на ова населено место се наоѓа „Римската терма” која претставува археолошки локалитет на доцно античко термално лекувалиште, кое е подигнато во III и IV век. Објектот најверојатно ги користел лековитите води од изворот „Парило”кој се наоѓа недалеку од него, чиј капацитет е 42 л/с, а водата е со температура од 72ºC. Во објектот досега се откриени 11 простории со различни намени, како што се аподитериум, диптериум, фригидариум, базен и други. Значајно е да се напомене дека „Римската терма” е еден од ретко сочуваните објекти од таков вид во Европа. Во Банско се наоѓа и манастирската црква „Св. Четириесет севастиски маченици”која е еден од најзначајните локалитети и културно - историски споменици во Општина Струмица. Се претпоставува дека црквата е изградена во времето на владеење на династијата Комнени по падот на Самуиловото царство.

### 3.4.2 Село Габрово

Селото се наоѓа под падините на планината Беласица и со своето природно опкружување, старата архитектура и традиционалниот начин на живеење, претставува вистински празник за очите и душата на љубителите на руралниот туризам. Најважното обележје на Габрово и неговата околина се секако трите Габровски водопади од утробата на планината Беласица. До пред извесно време достапен беше еден од водопадите, но со ангажман на Општина Струмица достапни се и останатите два. Покрај природните убавини, впечатокот го надополнуваат и три моста, летниковци, клупи и други елементи за поубав престој на туристите.

### 3.4.3 Село Вељуса

Ова село е едно од најреспектабилните туристички дестинации во Општина Струмица, првенствено поради манастирската црква „Света Богородица Елеуса (Милостива)“, еден од најзначајните споменици на културата од таков вид, не само во Македонија, туку и на Балканот. Манастирот е изграден во 1080-та година од страна на струмичкиот Епископ Мануил. Значаен е по својата извонредна архитектура, по сочуваните композиции од богатиот фрескоживопис, подниот мозаик, но и по автентичниот крст насликан на ѕидот од црковниот трем кој е прогласен за најоригинален крст на светот. Во Вељуса се наоѓаат и куќите на семејствата Михајлови и Пееви кои со својата стара архитектура, екстериерно и интериерно уредување, претставуваат непроценливи примероци за руралното живеење во Вељуса и вистински предизвик за туристите.

---

[15] Во тек е доработка на Стратегијата за туризам на Општина Струмица врз основа на постојната проценка за можностите за развој на туризмот, а исто така активен е и поратлот http://come2strumica.mk/.

## 3.5 Човечки ресурси

Вкупниот број на население во Општина Струмица изнесувал 54 676 жители (според Пописот на населението од 2002 година), од кои 27.340 биле мажи, а 27.336 жени. Проценката за бројот на население во 2014 изнесува 56.783 (извор: Државен завод за статистика, Макстат датабаза), од кои 28.378 мажи и 28.405 жени. Ако се разгледува населението во Општина Струмица според етничка структура на населението, најмногу се Македонци (99,50%), потоа следуваат Турци (6,87%), и другите етнички заедници Срби (0,34%), Роми (0,27%), и други (0,62%). Во табелата подолу е прикажана образовната и половата структура на невработените лица во Општина Струмица (состојба на 31.10.2015 година).

**Табела:** Образовна и полова структура на невработените лица во Општина Струмица[16]

| Образование | Вкупен број на невработени лица | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| Доктори на науки | 2 | 1 | 1 |
| Магистри на науки | 15 | 9 | 6 |
| Високо образование | 441 | 141 | 300 |
| Више образование | 90 | 49 | 41 |
| Завршено средно образование | 888 | 417 | 471 |
| Непотполно средно образование | 428 | 281 | 147 |
| Основно образование и без образование | 1476 | 1042 | 434 |
| **Вкупно** | 3340 | **1940** | **1400** |

**Табела: Структура на невработеност повозраст[17]**

| Возраст | Невработени | Други лица кои бараат работа |
|---|---|---|
| 16-30 | 929 | 1851 |
| 30-39 | 675 | 2130 |
| 40-49 | 631 | 2052 |
| 50-59 | 782 | 1849 |
| Над 60 | 323 | 524 |
| **Вкупно:** | **3340** | **8406** |

Во поглед на трендот на интерес на младите лица за запишување во општинските средни училишта во последните 3 години, може да се констатира дека се’ уште постои голем интерес за гимназиското образование, но забележително е дека опаѓа бројот на одлични ученици кои се запишуваат во гимназијата во Струмица. Поголем број на заинтересирани ученици има и за продолжување на образованието во паралелките во кои наставата се изведува според наставната програма за економски техничар.

[16]http://www.avrm.gov.mk/content/Statisticki%20podatoci/%D0%9E%D0%BA%D1%82%D0%BE%D0%BC%D0%B2%D1%80%D0%B8%202015/p3obrazovanie102015.pdf

[17] Според податоци на АВРМ од ноември 2015 година

Исто така, интересно е да се спомне дека во голем пораст е интересот за запишување во паралелките од здравствената струка во СОУ „Димитар Влахов“-Струмица, како во редовното задолжително средно образование, но има и ученици кои одлучиле да се запишат таму како второ средно училиште кое сакаат да го завршат (паралелно со друго средно образование), посетувајќи го вонредно и користејќи ја можноста да ги полагаат испитите по предметите на сесиите кои се организираат согласно програмата за вонредни ученици.

Во овој контекст, зголемен е интересот за запишување во приватното средно училиште „Јахја Ќемал“, како и за паралелките од електротехничката и сообраќајната струка во СОУ „Никола Карев“-Струмица. Проценка е дека многу од младите кои завршуваат образование во здравствената, економската, електротехничката и сообраќајната струка полесно наоѓаат работа во Македонија, а особено во странство.

Во изминатиот период, постои намален интерес за запишување во одредени струки и профили во четиригодишните образовни наставни програми - текстилна и ново формираната - рударска, како и во тригодишните стручни профили – бравар, автомеханичар, конфекционер, машинист за термо постројки, градинар – цвеќар.

За одбележување е дека во средното земјоделско училиште опаѓа интересот за традиционалните насоки поврзани со земјоделско производство, а за сметка на тоа расте бројот на запишани ученици во паралелките за техничар за фармерско производство и прехранбен техничар, а проценката е дека за тоа допринесуваат субвенциите и можностите за вработување во преработувачките капацитети за прехрамбени производи.

Од анализата која е направена од стручни лица за образование во Општина Струмица, може да се заклучи дека многу од постојните наставни програми не се адаптирани на потребите на средното стручно образование и пазарот на труд.

Во однос на проблемот со доквалификација и преквалификација, најголем интерес постои за здравствената струка. Од друга страна, во поглед на постоење на доволно квалификуван наставен кадар и нагледни средства за воведување на образовни профили кои можат да одговорат на интересот на учениците и на локалниот пазар на труд, констатирано е дека Гимназијата „Јане Сандански“ има наставен кадар за воведување на нов  образовен профил од угостителско-туристичка струка, но нема соодветни наставно–нагледни средства. За решавање на овој проблем се очекува да вроди со плод соработката со училиште од Италија кое е заинтересирано да помогне со технички средства/ опрема.

Нивото на застапеност на практичната настава во формалното средно стручно образование зависи од струка до струка, но сепак постои констатација дека таа се’ уште не е доволно квалитетно реализирана и онаму каде што истата постои. Ова значи дека практичната настава најчесто се изведува недоволно организирано, неефективно, односно некаде учениците ја посетуваат само формално, вршејќи работи кои воопшто не се поврзани со процесот на стекнување практични знаења во струката. Со цел да се редуцираат одредени негативности во реализацијата на практичната настава, постои иницијатива во рамките на практичните училишни часови да се вклучат стручни лица од приватниот бизнис кои би држеле настава за одредени теми поврзани со практичната работа, како и да се воведе менторски систем на практична обука на учениците, од страна на ментори-стручни лица од директното производство. Родителите препорачуваат поголема соработка помеѓу училиштата и работодавците во смисла на продлабочена размена на информации помеѓу нив и воспоставена соработка во интерес на квалитетно образование на секој ученик. Јасно е дека, практичното стручно образование овозможува полесна вработливост и подготвеност да се одговори на побарувачката кај работодавачите.

Инаку, соработката на училиштата со бизнис секторот е една од најтешките цели во образовниот процес, особено во стручното образование. Проблемите настануваат при планирање и реализација на практичната обука, времето и ресурсите на работодавачот, како и недостигот од човечки ресурси за надзор и менторство на ученикот. Иако во Законот за стручно образование и обука  во член 15[18] се наведува можноста работодавачите да добијат финансиски, даночни и царински олеснувања, доколку овозможат практична обука на учениците од ССО, сепак оваа можност малкумина од нив ја искористуваат. За спроведување на таквите препораки во пракса потребно е и соодветно прилагодување на образовната програма со компатибилни програми за практична настава.

Се очекува делот кој се однесува на подобрување на состојбите во образованието, особено во средното стручно образование значително да се подобри во Општина Струмица доколку доследно се имплементира Стратегијата за образование и сите планови и проекти во рамките на истата, изготвени врз основа на претходните детални анализи, констатации и препораки[19].

Исто така, потребно е да се изнајдат модели за промоција на средното стручно образование и негова афирмација меѓу младите и нивните родители, преку соодветни граѓански форуми, фокус групи, јавни расправи, дебати и слично. На организиран Отворен ден со членовите на Комисијата за култура, образование и спорт за средби со граѓаните, се презентираат резултатите од анализите и се собираат нови предлоиз од граѓаните[20].

## 3.6 Економска состојба во Југоисточниот Регион

Споредбата на основните економски показатели на Општина Струмица во однос на националната економија и регионот во кој се наоѓа е од суштинско значење за квалитативно согледување на состојбата на локалниот економски развој, во однос на поширокиот економски контекст.

Струмица е дел од Југоисточниот плански регион. Југоисточниот плански регион има значаен удел во создавањето поволна деловна клима, придонесувајќи за зголемување на домашните и странските инвестиции и зголемување на конкурентноста на целокупната економија преку поттикнување на претприемништвото и иновативноста, како и унапредување на туризмот и промоција на природните и културните вредности.

[18] Закон за стручно образование и обука, консолидиран текст, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2006; 117/2008; 148/2009; 17/2011; 24/2013; 137/2013 и 41/2014)

[19] Во Одделението за образование на Општина Струмица се изработени: „Извештај за спроведеното истражување за помала или поголема застапеност на одредени занимања во средното образование во општина струмица во основните и средните училиштата во струмичкиот микро-регион за учебната 2014/2015 г.“, со поддршка на Центар на заедницата на Општина Струмица, јуни 2015, како и документот – „Индикатори за зголемување на атрактивноста на средното стручно образование со можност за воведување нов образовен профил: хотелско-угостителски техничар“. И двата документи се достапни на увид во Општина Струмица на секој што е заинтересиран

[20] Во Одделението за образование на Општина Струмица се изработени: „Извештај за спроведеното истражување за помала или поголема застапеност на одредени занимања во средното образование во општина струмица во основните и средните училиштата во струмичкиот микро-регион за учебната 2014/2015 г.“, со поддршка на Центар на заедницата на Општина Струмица, јуни 2015, како и документот – „Индикатори за зголемување на атрактивноста на средното стручно образование со можност за воведување нов образовен профил: хотелско-угостителски техничар“. И двата документи се достапни на увид во Општина Струмица на секој што е заинтересиран.

Според податоците на Државниот завод за статистика, најголемо учество во бруто-домашниот производ на Република Македонија во 2013 година има Скопскиот регион со 42.6%, додека, пак, најмало учество има Североисточниот регион со 5.3%. Учеството на Југоисточниот плански регион во бруто-домашниот производ на Република Македонија во 2013 година изнесува 9.2 % што може да се види во следната Табела за Бруто – домашен производ по региони, 2013.

Поголем бруто-домашен производ по жител, во споредба со просекот на Република Македонија, има само Скопскиот регион со индекс 143,5.

**Табела:** Бруто-домашен производ, по региони, 2014[21]

| Плански региони | Бруто-домашен производ (во милиони денари) | Бруто-домашен производ по жител (во денари) | Структура на бруто-домашниот производ | Бруто-домашен производ по жител МК=100 |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 501,891 | 243,161 | 100 | 100 |
| Вардарски | 41,260 | 268,819 | 8,2 | 110,6 |
| Источен | 40,449 | 226,898 | 8,1 | 93,3 |
| Југозападен | 39,378 | 178,726 | 7,8 | 73,5 |
| Југоисточен | 46,211 | 266,524 | 9,2 | 109,6 |
| Пелагониски | 56,530 | 243,279 | 11,3 | 100 |
| Полошки | 37,735 | 118,672 | 7,5 | 48,8 |
| Североисточен | 26,613 | 151,462 | 5,3 | 62,3 |
| Скопски | 213,715 | 348,915 | 42,6 | 143,5 |

Со цел да се постави основа за креирање на политиката на регионален развој, направена е класификација на планските региони според степенот на развиеност (Одлука за класификација на планските региони, „Службен весник на Република Македонија", бр. 88/13). Според оваа класификација Југоисточниот плански регион е на второ место во однос на степенот на развиеност што може да се види од следната табела:

Табела: Класификација на планските региони според степеност на развиеност за периодот 2013 - 2017 година[22]

| Плански регион | Развоен индекс во однос на просекот на РМ | Економско-социјален индекс | Демографски индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 151,0 | 147,7 | 153,5 |
| Југоисточен | 97,1 | 129,5 | 72,4 |
| Источен | 96,1 | 136,4 | 65,5 |
| Пелагониски | 91,2 | 109,1 | 79,6 |
| Полошки | 82,4 | 50,0 | 106,9 |
| Југозападен | 81,4 | 97,7 | 69,0 |
| Вардарски | 73,5 | 70,5 | 75,9 |
| Североисточен | 62,7 | 27,3 | 89,7 |

[21] Бруто-домашен производ и инвестиции во основни средства, по региони: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__BDP__BDPInvesGodisni__BDPsporedESS2010/675_NacSmA_Reg_BDPreg_mk.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

[22] Одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност за периодот 2013-2017, „Службен весник на Република Македонија", бр.88/2013

Развојот на стопанството во Југоисточниот плански регион беше под силно влијание на општите услови за стопанисување во Република Македонија, со силен белег на карактеристиките на транзицијата и со нагласени реформски зафати во сите сфери на општественото живеење: сопственичка трансформација, афирмација на стоковото производство, приватизација и преструктуирање на претпријатијата. Транзициските проблеми ги доведоа во незавидна положба некогашните индустриски гиганти кои работеа во овој регион.

Според податоците од Центарот за развој на Југоисточниот развој, најповолни услови за развој на регионалната економија нуди секторот земјоделство, кој се карактеризира со силна специјализација на производството на раноградинарски, градинарски, житни култури, лозароовоштарство и друго.

Во Општина Струмица голем е бројот на стопанствата кои се занимаваат со земјоделско и сточарско производство. Климатските услови и почвените карактеристики, а особено изградбата на големите вештачки езера, овозможуваат одгледување на рани, средно рани и доцни градинарски култури за свежа консумација и за преработка. Термалните води на изворите во с. Банско овозможуваат постоење на развиено оранжериско производство во ова населено место. Покрај градинарството во Општина Струмица се  застапени и житните, индустриските и фуражните култури, што значи во поголем дел од годината се организира разновидна палета од земјоделски култури и производство.

## 3.7 Економска состојба во Општина Струмица

Економијата на Општина Струмица игра значајна улога во економијата на Република Македонија. Од податоците кои постојат во Државниот завод за статистика (МАКСТАТ база, 2014 година) произлегува дека во државата постојат 70659 деловни субјекти. Доколку се направи споредба со бројот на деловни субјекти во Општина Струмица (2394), се доаѓа до показател дека Струмица има значителен придонес во економијата на државата.

Како и во другите региони и во овој регион најзначајни носители на стопанскиот развој се микро и малите претпријатија.

Повеке за структурата на земјиштето во струмичкоиот регион може да се види во Профилот на струмичкиот регион – општините Струмица, Ново село, Босилово и Василево (точката 1.3, на стр 17).[23]

**Табела - Активни деловни субјекти – состојба 31.12.2014**[24]

| | Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина Струмица | 2394 | 1641 | 725 | 16 | 12 |
| Република Македонија | 70659 | 49539 | 19937 | 724 | 459 |
| Процент на учество во РМ | 3,39 | 3,31 | 3,64 | 2,21 | 2,61 |

[23] http://www.strumica.gov.mk/downloads/ler/PROGRAMA4.pdf

[24] Според податоци на Завод за статистика на Република Македонија со состојба  од декември 2014 година: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Naselenie__ProcenkiNaselenie/125_Popis_Ops_NasPolStar_mk.px/table/tableViewLayout1/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Во продолжение следува табелата за деловни субјекти по сектори во Општина Струмица.

**Табела - Деловни субјекти по сектори во Општина Струмица**[25]

| Сектори во кои се активни деловните субјекти | Број |
|---|---|
| Земјоделство, лов и риболов | 60 |
| Вадење на руди и камен | 3 |
| Преработувачка индустрија | 270 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 2 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 5 |
| Градежништво | 115 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и за домаќинствата | 1052 |
| Хотели и ресторанти | 129 |
| Сообраќај, складирање и врски | 138 |
| Информации и комуникации | 31 |
| Финансиско посредување | 17 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 8 |
| Стручни, научни и технички дејности | 201 |
| Административни и услужни помошни дејности | 31 |
| Јавна управа и одбрана, задолжителна социјална заштита | 5 |
| Образование | 31 |
| Дејности за здравство и социјална заштита | 111 |
| Уметност, забава и рекреација | 33 |
| Други услужни дејности | 152 |
| **Вкупно** | **2394** |

# 4. SWOT АНАЛИЗА НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

SWOT анализата е многу важна алатка во процесот на стратешко планирање, бидејќи овозможува идентификување и дефинирање на стратешките приоритети.

**Табела - SWOT анализа (анализа на силни и слаби страни, можности и закани) за економски развој на Општина Струмица**

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| - Поволна географска местоположба<br>- Постоење на умерено континентална клима<br>- Богатство на природни ресурси<br>- Изобилство на водни ресурси (природни и вештачки), а особено богатство на термо-минерални води<br>- Еколошки здрава средина<br>- Развиена инфраструктура (патишта, водовод, канализација,)<br>- Богатство на културно историски споменици | -Нема доволно технички квалификуван и искусен кадар, со средно стручно образование<br>-Нема доволна институционална поддршка од централната власт во Општината<br>- Високо образованата и квалификувана работна сила нема доволно практично искуство кога ќе ги заврши студиите (нема доволно |

[25] Според податоци на Завод за статистика на Република Македонија со состојба од декември 2014 година

| | |
|---|---|
| - Гасификација (23 км гасоводна мрежа)<br>- Развиен приватен сектор<br>- Трговско-економски центар<br>- Изготвени урбанистички планови за индустриски стопански зони и за технолошко индустриски развојни зони<br>- Лоцираност на образовани институции (дисперзирани студии од другите факултети во земјата)<br>- Присуство на високо образовни кадри<br>- Функционален ЛЕСС[26] кој ги инкорпорира бизнис секторот, Општината, НВО секторот, занаетчиите<br>- Долга традиција на партиципативно буџетирање<br>- Транспарентна, стручна и обучена администрација | можности за тоа)<br>-Нема доволно интерес од невработените за пополнување на слободни работни места поради ниски плати<br>-Постои се’ уште недоволно силна врска меѓу образованието и бизнисите<br>-Нема пречистителна станица за отпадни води<br>-Нецелосна разгранетост на гасоводна мрежа<br>- Недостасува поврзување/конекција со националната гасоводна линија/мрежа (нема приклучок)<br>-Нема железница и аеродром за товарен/карго превоз (железнички и воздушен сообраќај)<br>-Нема регионална депонија согласно стандардите на ЕУ |
| **Можности** | **Закани** |
| - Постои редовна комуникација и известувања до компаниите од страна на АВРМ за слободни кадри на пазарот<br>- Постои план за реализација на Бизнис Форум со услуги и за компаниите и за старт-ап идеите<br>- Постои одреден потенцијал за странски инвестиции<br>- Постојат услови за земјоделски и рурален развој<br>-Постои добра меѓуопштинска соработка<br>- Компаниите имаат информации за други финансиски инструменти освен редовните банкарски комерцијални инструменти<br>- Програмите на АВРМ за самовработување и микро кредитирање се достапни<br>-Постојат можности за намалување на каматните стапки поради конкуренцијата на банките на пазарот<br>-Постои соработка помеѓу бизнисите на локално ниво[27]<br>-Постојат услови за напредно земјоделско производство<br>- Обуки за бизнис секторот се одржуваат согласно потребите и можностите<br>- Постојат повеќе видови индустрија и тоа: текстилна, дрвна, прехрамбена (финализација на земјоделски производи), како и металопреработувачка<br>- Се’ уште е во тек процесот на децентрализација, односно префрлување на ингеренциите од национално на локално ниво | -Значителен е одливот на населението, а со тоа и на квалификуваниот кадар (особено оној со завршено средно и високо образование)<br>- Централизирани се поголем дел на одлуки на државните институции кои значително се одразуваат на локалниот развој (УЈП, Централен регистар)<br>-Постои нелојална конкуренција на пазарот (и на понудата и на побарувачката)<br>- Нема доволно интерес за вработување во приватен текстилен сектор заради ниските плати<br>- Постои нестабилна политичка и економска ситуација<br>- Постои несигурност предизвикана од некозистентноста и честите промени на правната регулатива за приватни бизниси (се чувствува недоволна лична и правна сигурност)<br>- Казнената политика е рестриктивна (демотивирачка) заради превисоко пропишани казни за приватниот сектор во законската регулатива |

[26] http://www.strumicaless.mk/
[27] http://economy.strumica.gov.mk/#

| | |
|---|---|
| - Можност за браунфилд инвестиции (постојат слободни деловни простории)<br>- Достапни се Европските фондови<br>-Постои добра соработка помеѓу бизнис секторот – невладините организации – образовните институции во однос на креирање проекти од Европски фондови<br>- Големите фирми настојуваат да развијат партнерски однос со локални добавувачи<br>-Интензивиран е пограничниот развој<br>-Во тек е замена на постоечките (скапи и загадувачки) енергенси со природен гас преку проширување на гасоводна мрежа<br>-Замена на фосилни горива со природно-обновливи<br>- Оправдано се смета дека Струмица е град на сонцето со 280 сончеви денови (услов/потенцијал за искористување на соларната енерија)<br>- Постојат услови за развој на рурален туризам (се користат постојните водни ресурси, бањски и манастирски туристички понуди )<br>- Постои Центар на заедниците на Општина Струмица[28] | |

Силните страни на економскиот развој на Општина Струмица, вклучуваат постоење на поволните природни услови – местоположба, клима, водни ресурси, здрава природна средина, достапност на суровини, поволна инфраструктура, постоење на ЛЕСС на Општина Струмица, како и плановите за развој на утврдените економски зони. Исто така, Струмица претставува град со ефикасна администрација (со нулта толеранција за корупција) и општествено одговорен бизнис сектор.

Слаби страни на економскиот развој на Општина Струмица се неусогласување на работната сила со потребите на пазарот на трудот, неорганизиран пристап кон практикантството и недоволно обуки на тема претприемништво. Како други слаби страни беа напоменати и недоволната институционална поддршка и неприсуството на релевантни институции на локално ниво.

Утврдените можности за економскиот развој на Општината Струмица се присуството на Европските фондови и фондовите на други донатори. Потенцијалот за развој на туризам, особено на руралниот туризам како и постоечките манифестации и кои традиционално се одржуваат во Општина Струмица беа идентификувани како значајни можности за економски развој на Општината. Постоењето на план за развој на Бизнис Форум, добрата соработка на Општината и бизнисите од Општината со други општини се значајни можности за подобрување на економската состојба.

Главни закани за економскиот развој на Општината Струмица се миграциите на високо квалификуваната работна сила, централизираноста во носењето на одлуките на финансиските институции, како и постоењето на нелојална конкуренција и правна несигурност. Идентификувањето на заканите за економскиот развој на Општинатае важен чекор во планирањето на идните активности, со цел да се ублажи или минимизира нивното влијание врз економскиот развој и квалитетот на животот во Општина Струмица.

[28] http://ccstrumica.mk/

# 6. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ

## 6.1. Визија

Општина Струмица до 2020 ќе биде водечка Општина во регионот, со одржлив развој на економијата, унапредено земјоделско производство и висок станадард/квалитет на живот во урбаните и руралните средини, заштитена и чиста животна средина, со планирана и квалитетна инфраструктура согласно потребите на граѓаните, со обезбеден постојан развој на работната сила во Општината и со нулта толеранција за корупција.

## 6.2. Мисија

Општина Струмица, која е веќе економски развиена, до 2020 ќе биде со повеќе атрактивни инвестициски можности за натамошен забрзан развој на економијата и на земјоделството, со здрава животна средина, со современо просторно и урбано планирање, но и со енергетски ефиксни јавни и приватни објекти, со развиена инфраструктура, со стручна администрација која работи по највисоки стандарди со цел да обезбеди високо квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата.

## 6.3. Приоритетни области и стратешките цели со специфицни цели и активности

### 6.3.1Приоритетни области

Приоритетни области на Стратегијата се: економија и инвестиции; земјоделие и рурален развој; животна средина и енергетска ефикасност; инфраструктура и урбанистичко планирање, како и развој на работна сила.

### 6.3.2 Стратешки цели

Стратегијата вклучува реализација на пет стратешки цели:

Стратешка цел 1: Одржлив развој на економијата и обезбедени конкурентни инвестициски можности и нивна забрзана реализација

Стратешка цел 2: Унапредено  земјоделство и зголемен квалитет на живот во руралните средини

Стратешка цел 3: Заштитена и здрава животна средина со енергетски ефикасни јавни и приватни објекти

Стратешка цел 4: Современа инфраструктура и урбанистичко планирање во согласност со развојните приоритети и потребите на граѓаните, и

Стратешка цел 5: Високо развиена и обучена работна сила, според потребите на бизнос секторот и економските капацитети.

Секоја стратешка цел предвидува имплементација на специфични цели и конкретни активности со очекувани резултати, одговорни лица и институции за имплементација на активностите, утврден временски рок и потребен буџет за нивна реализација, но исто така, предвидува и управување со ризиците како и методологија за следење и проценка на резултатите.

**Стратешка цел 1 -** *Одржлив развој на економијата и обезбедени конкурентни инвестициски можности и нивна забрзана реализација* вклучува имплементација на следните специфични цели:

- Подобрена економија за 25% и повисоки резултати во работењето на постојните индустриски капацитети за 25 % од сегашните вредности
- Домашните и странски инвестиции зголемени за 30%
- Зголемен број на нови бизниси на млади претприемачи за 20%

**Активност 1.1** Воспоставување на детална база на стопанските капацитети и производите кои се произведуваат
**Активност 1.2** Креирање на политики за донесување на административни мерки за подобрување на бизнис климата
**Активност 1.3** Целосно инфраструктурно уредување на индустриските зони
**Активност 1.4** Изградба на повеќенаменски објект за одржување на саемски манефестации, изложби, промоции и концерти
**Активност 1.5** Подигнување на капацитетите на претставниците на стопанските субјекти за искористување на финансиски средства за инвестирање во развојни проекти

**Активност 1.6** Организирање на бизнис форуми

Со реализацијата на оваа стратешка цел ќе се обезбедат подобри услови за развој на бизнисите во Општина Струмица, ќе се поттикнат нови инвестиции во Општината и ќе се отворат нови работни места кои ќе допринесат кон подобрување на економскиот развој во Општината. Реализацијата на оваа цел вклучува и создавање на услови за привлекување на нови инвестиции преку промоција на постоечките локации и можности за инвестиции и расположливите кредитни производи кои се на располагање на малите и средните претпријатија во државата.

Покрај овие мерки, со обновување на Бизнис форумот ќе се овозможи поставување на одржлив систем за поддршка на малите и средни претпријатија од нивното формирање, градење на нивните капацитети и воспоставување на партнерства со домашни и странски партнери. Бизнис форумот ќе овозможи континуирана логистичка поддршка на претпријатијата, нивно редовно информирање за новитетите и можностите на пазарот, промените на законската регулатива и промоција на нивните производи.

**Стратешка цел 2 -** *Унапредено земјоделство и зголемен квалитет на живот во руралните средини* предвидува реализација на следните специфични цели:

- Подобрување на условите во руралните средини за развој на земјоделско производство за над 30 % од постојните показатели
- Индивидуални земјоделски производители со зголемени капацитети

**Активност 2.1** Анализа на квалитетот на животот во руралните средини

**Активност 2.2** Продолжување на гасоводната мрежа кон земјоделските површини

**Активност 2.3** Подобрување на условите на зелените и сточните пазари во Општината

**Активност 2.4** Административна помош на земјоделските производители

**Активност 2.5** Едукација на индивидуалните земјоделски производители за користење на стандардизиран семенски и саден матерјал

**Активност 2.6** Промоција на можностите за органско производство на одредени земјоделски култури

**Активност 2.7** Подигнување на капацитетите на индивидуалните земјоделски производители за едукација и обуки од експерти во оваа област и подобро искористување на средствата од пристапните фондови на ИПАРД програмата

**Активност 2.8** Чистење на речните корита на територијата на Општината

**Активност 2.9** Подобрување на комуналната инфраструктура, во делот на одведување на урбаните отпадни води

**Активност 2.10** Стимулирање на инвестициите во изградба на откупно-дистрибутибни центри по европски стандарди

Земјоделството и руралниот развој се важни гранки за економски развој на Општина Струмица. Модернизирањето на земјоделството во Општината ќе се постигне преку подобрување на условите и површините под наводнување и одводнување, воведување на нови технологии во земјоделството, зачувување на старите традиционални сорти, подобрување на едукацијата на земјоделците за новите стандарди и модерни техники и технологии, брендирање на земјоделски производи, како и редовно информирање за можностите за финансска поддршка на инвестициите од страна на државата и останатите достапни финансиски и нефинансиски институции и организации.

Руралниот развој во Општината ќе се овозможи преку подобрување на патната инфраструктура во руралните средини, имплемементација на ЛИДЕР пристапот во Општината, мапирање и обележување на културно-историските локалитети, подготовка на промотивни материјали за рурален развој и едукација на локалното население за важноста и придобивките од руралниот туризам преку обука за поквалитетно запознавање на туристите со обичаите и традицијата, карактеристични за руралните средини.

За реализација на **стратешката цел 3** - *заштитена и здрава животна средина со енергетски ефикасни јавни и приватни објекти* планирана е имплементација на следните специфични цели:

- Доследно имплементирани законски одреди од областа на заштитата на животната средина од сите аспекти (спроведени мерки согласно ЛЕАП[29])

-Енергетски ефикасни јавни и приватни објекти (без канцерогени градежни матерјали), како и максимално искористување на изворите на обновлива енергија

**Активност 3.1** Поставување на филтри на поголемите загадувачи во Општината, согласно закон
**Активност 3.2** Изградба на регионална депонија за комунален отпад согласно европските стандарди
**Активност 3.3** Чистење на диви депонии и облагородување на површините на кои се настанати дивите депонии
**Активност 3.4** Изградба на пречистителна станица за урбани отпадни води, согласно европските стандарди
**Активност 3.5** Регулирање на одведувањето на отпадните води во сите населени места
**Активност 3.6** Чистење на речните корита на територијата на Општината
**Активност 3.7** Прочистување на реката Водочница и нејзиното корито (санација и регенерација)
**Активност 3.8** Заштитни зони на водоснабдителни системи и
**Активност 3.9** Воведување на можност за управување и селекција на отпадот во склад со регионалниот план за управување со отпад
**Активност 3.10** Подобрување на енергетската ефикасност на објектите од јавен карактер
**Активност 3.11** Стимулирање на вложувањата во користење на обновливи извори на енергија и на енергетската ефикасност во целост

[29] http://strumica.gov.mk/downloads/ler/LEAP.pdf

**Активност 3.12** Интегрирање на мерките и активностите предвидени во ЛЕАП на Општината со сличните од оваа Стратегија
**Активност 3.13** Проширување на гасоводната мрежа и стимулирање на граѓаните за користење на гасот, како еколошки и економски исплатлив енергенс
**Активност 3.14** Стимулирање на сопствениците на индивидуалните и колективни станбени објекти за промена на крововите и фасадите (азбестните плочи) со материјали кои би биле здрави (неканцерогени) и енергетски ефикасни
**Активност 3.15** Стимулирање на искористувањето на сончевата енергија (изградба на фотоволтаични системи)

Развојот и модернизацијата на заштита на животната средина во Општината Струмица е важен предуслов за економскиот развој. Во планираниот програмски период ќе се изврши подобрување на водоводната и канализационата инфраструктура, особено во руралните средини, ќе се заштитат водоснабдителните системи со заштитни зони, ќе се направи изградба на пречистителни станици за водоснабдување и за отпадни води во градот Струмица и во населенита места, изградба на центри за управување со отпад, зголемување на мрежата за гасификација на Општината, подобрување на системот за наводнување и одводнување и чистење на каналите и речните корита, подобрување на енергетската ефикасност, изградба на паркови и слично.

Реализацијата на оваа стратешка цел, исто така, предвидува и истражување на можностите за искористување на обновливи извори на енергија и креирање на локални политики и мерки за поддршка на инвестиции за искористување на обновливите извори на енергија во Општина Струмица.

Имплементацијата на **стратешката цел 4 –** *Современа инфраструктура и урбанистичко планирање во согласност со годишните програми и потребите на граѓаните* ќе се овозможи со реализација на следните специфични цели**:**

- Реконструкција и изградба на современа комунална инфраструктура на територијата на Општина Струмица
- Утврдени развојни можности инкорпорирани во сите детални урбанистички планови
- Донесени/ревидирани сите детални урбанистички планови, усогласени со годишните програми на Општината
- **Активност 4.1** Реконструкција и изградба на патната инфраструктура
- **Активност 4.2** Изградба на панорамски превоз трамвајска линија – локалитет „Ловен дом“ до „Цареви кули“
- **Активност4.4** Донесување на сите детални планови за подрачјето на Општината, согласно годишните програми
- **Активност 4.5** Поставување на инфраструктура за кабловска канализација (поставување на канали за телекомуникациска мрежа во сопственост на Општината, која што може да се дава и под концесија[30]
- **Активност 4.6** Стимулирање на електро-мобилноста преку давање одредени субвенции

Развојот и модернизацијата на инфраструктурата во Општината е основен предуслов за економскиот развој. Во планираниот програмски период ќе се изврши модернизација, реконструкција и изградба на повеќе патни правци во и до општината, подобрување на водоводната и канализационата инфраструктура, особено во руралните средини, опремување на индустриските зони со целосна инфраструктура, поставување на подземна кабловска канализација, продолжување на процесот на гасификација на Општината.

[30] Објаснувањето е содржано во Анекс/Прилог 1 на Стратегијата

За потребите на развојот на Општина Струмица и регионот, од сите аспекти, а пред се' од економски аспект, во стратешките определби за развој на земјата и југоисточниот регион, потребно е да се вклучи обезбедување на железнички и авионски врски, односно изградба на железничка пруга и аеродром (особено за карго превоз). Општина Струмица може да помогне во реализација на овие важни комуникациски врски во рамките на своите надлежности и ресурси.

Покрај тоа, се планира модернизирање на јавните комунални претпријатија со набавка на потребната опрема и механизација за поефикасно извршување на комуналните дејности. За успешно следење и раководење на овој процес, доколку се оцени за потребно, соодветно ќе се изврши и зајакнување на институционалните капацитети во Општината преку интензивна обука на тимот и набавка на соодветна опрема и компјутерски системи. Со цел да се забрза развојот на Општината планирана е изработка на комплетна урбанистичко - планска документација за целата територија на Општината.

Реализацијата на **стратешката цел 5 -** *високо развиена и обучена работна сила, според потребите на бизнис секторот/економските капацитети* ќе се изврши со постигнување на следните специфични цели:

- Намален број на невработени лица во Општината за 30%
- Намален одлив на образованите и работоспособни кадри за 20%
- Обезбедени потребни дефицитарни профили на кадри за стопанството во Општина Струмица
- Значително подобрена соработка меѓу средните стручни училишта и бизнис секторот во Општината[31]

**Активност 5.1** Ажурирање на постојниот Локален акциски план за вработување (ЛАПВ) на Општина Струмица[32]
**Активност 5.2** Промоција на женско претриемништво
**Активност 5.3** Формирање на фонд за поддршка на женско претприемништво преку обуки, консултанство и учење преку работа
**Активност 5.4** Утврдување на мерки за намалување на одливот на кадри од Општината
**Активност 5.5** Основање на центар за образување на кадри кои се дефицитарни за стопанските субјекти
**Активност 5.6** Усогласување на профилите на кадри кои се образуваат во постојните средни стручни училишта со потребите на локалниот бизнис сектор од Општината.

Развојот на работна сила е основна движечка сила во економскиот развој на една Општина. Со цел да се подобрат условите за развој на работна сила во Општина Струмица ќе се изврши анализа на потребите на пазарот на труд и врз база на наодите од анализата ќе се изврши прилагодување на профилите во образовниот процес и во наставните планови и програми. Квалитетот на образовниот процес ќе се подобри со обезбедување на подобри услови за практична настава во образовните институции и обука на наставниците за примена на нови методологии за пренесување на знаење и вештини. Покрај тоа, ќе се обрне особено внимание на подобрувањето на вработливоста и конкурентноста на работната сила.

Реализацијата на оваа цел вклучува и усогласување на образовниот процес и креирањето на нова работната сила согласно со потребите на пазарот на труд и поттикнување на практиканство и менторство во постоечките и новите компании. За реализација на оваа цел предвидена е и дополнителна обука и промоција на мерките и можностите за самовработување во Општината.

[31] http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
[32] http://www.strumicaless.mk/?page_id=1812

# 7. НАСОКИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Мониторингот/следењето е рутинско/систематско собирање  и анализа на информациите за да се следи напредокот во поглед на она што е планирано (целите кои се утврдени) и да се проверува дали напредокот се постигнува по воспоставените стандарди. Мониторингот помага да се идентификуваат трендовите и моделите, да се адаптираат стратегиите и да се информира раководниот тим за тоа дали има потреба да се ревидираат одредени одлуки. Значи, со правилното практикување на мониторингот се сигнализира на потенцијални слабости во Стратегијата или на одредена нејзина активност/проект/мерка, овозможувајќи да се направи навремена корекција. Мониторингот е од витално значење за проверка на сите промени (позитивни или негативни) за целната група (одговорните за реализација на Стратегијата или на одредена нејзина активност). Мониторингот се врши од внатрешни (општински) стручни лица во одредена област, назначени од раководителите на процесот на имплементација на Стратегијата.

Евалуацијата/оценката е систематска и објективна проценка на тековните активности (нивниот дизајн) или на завршените проекти, односно на завршената импементација на Стратегијата и на постигнатите резултати во однос на планираното. Целта е да се утврди релевантноста и исполнувањето на целите, развојот на ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста. Евалуацијата има тенденција да укаже на влијание на проектот/активноста/Стратегијата во целост и особено на одржливоста. Евалуацијата ќе биде спроведувана од стручни лица во Општината назначени од раководството кое е задолжено за имплементација на Стратегијата, но во одредени случаи, доколку за тоа има потреба, и од надворешни стручни лица/организации/независни консултанти (особено во случај на оценувања на влијание), или како заеднички внатрешен /надворешен тим кој би работел на партнерска основа.

Клучната идеја за воведување на мониторинг и евалуација е обезбедување на повратна информација за работата во делот на имплементација на Стратегијата. Тоа е постапка која се спроведува цело време, иако тоа не мора да биде строго формален процес. Сепак, преку воспоставување на одредени формални процедури (на пр. подготовка на план за мониторирање и евалуација, како прилог на Стратегијата) и практикување на систематски мониторинг и евалуација, ќе се добијат поквалитетни повратни информации. Да се делува согласно информациите од мониторингот и евалуацијата понекогаш не е лесно, но стратешкото планирање секако го бара тоа, бидејќи само на тој начин  ќе може да се подобри процесот на имплементација на Акциониот план на Стратегијата. Резултатите од мониторингот/следењето и евалуација овозможува да се покаже ефикасноста на спроведување на активноста или на одреден проект и влијае на регулирање на предвидените/вложените ресурси навреме и соодветно на реалните потреби.

Придобивките од мониторинг и евалуација е тоа што овие активности им помагаат на оние кои директно се вклучени во процесот на спроведување на Стратегијата (како одговорни лица/институции), и тоа особено при:

- Утврдување на степенот на реализација на активноста/проектот и дали  таа тече соодветно на планираното, за да се направат сите потребни корекции ако се неопходни;

- Донесување на издржани одлуки во врска со одредени операции во текот на управување со активностите;

- Обезбедување поефективна и поефикасна употреба на ресурсите;

- Оценување на степенот до кој што е реализирана Стратегијата /активноста/проектот, како и на посакуваниот ефект од истата или дел од неа.

## 7.1 Разлика меѓу мониторинг и евалуација

Мониторинг значи следење на клучните елементи на имплементација на Стратегијата, на редовна основа (вложувања, активности, резултати). Спротивно на тоа, евалуација е т.н. епизодна оценка на промена на одредени резултати, која што може да се припише на некоја интервенција (дополнителни вложувања) во стратешката активност/проект, или потточно - анализа на одредени вложувања и активности кои што се преземени, со цел да се утврди нивниот директен придонес на резултатот.

Развој на план за мониторинг и евалуација (во овој случај, неговата скратена верзија е инкорпорирана во рамките на Акциониот план за имплементирање на Стратегијата), е клучен чекор за управување со процесот на проценка и известување за напредок во постигнување резултати и „продукти“ преку реализирање на активностите/проектите во Стратегијата. Со планот се идентификуваат оние прашања на кои се однесува евалуацијата, преку давањето повратна информација (оценка). Значи, мониторинг и евалуација се вградени во акциониот план (дефиниран резултат кој се очекува од активноста, и на краткорочен и на долгорочен план, индикатор и извор на податоци за мерење на индикаторот), кои придонесуваат за ефикасноста, како и за подобра реализација на самиот проект, со определба потребните споредливи податоци да се собираат редовно и да се сублимираат во извештаите кои навремено се поднесуваат до раководството за имплементација на Стратегијата (онака како што е договорено), квартално, полугодишно и годишно.

До Советот на Општина Струмица (би било добро да) се поднесуваат кратки полугодишни извештаи за информирање, а по годишните извештаи може да се расправа и да се донесуваат заклучоци. До Советот на Општината може, на барање на мнозинството членови на Советот, да се поднесуваат извештаи за имплементација на Акциониот план на Стратегија (или на одредени негови активности) и почесто.

Ова значи дека согласно динамиката на процесот на имплементција, процедурите за мониторинг и имплементација може да се прилагодуваат на секоја цел поодделно, што всушност претставува пофлексибилен начин за следење и оценка, односно истите можат да се адаптираат на специфичните потреби на процесот.

## 7.2 Индикатори

Индикаторите преку нивни јасни формулации обезбедуваат прецизни информации потребни за да се процени дали предложените активности и/или измени имаат одредено влиајние, односно дека истите се случиле. Индикаторите се или квантитативни (нумерички) или квалитативни (описни формулации).

Секој индикатор детално дефинира, посебно клучните термини, вклучувајќи и објаснување на одредени аспекти кои ќе се мерат (на пример, кој, што, како и кога се применува/мери со индикаторот). Доколку има потреба, се дефинира точно како ќе се пресметува индикаторот.

## 7.3 Извори за верификација

Изворите за верификација на индикаторот всушност ги идентификуваат изворите на информации и собирањето на податоци со одредени методи и алатки, како што се користење на секундарни податоци, редовно следење или периодична проценка, спроведување анкети, па и дискусии во фокус групи. Оваа

колона, исто така, покажува дали алатките за собирање податоци (прашалници, листи за проверка) се постоечки или ќе треба да се развиваат дополнително.

При дизајнирање на индикаторите особено се имаат предвид следните укажувања:

- Да бидат СМАРТ (специфични, мерливи, остварливи, релевантни, и временски ограничени)
- Да можат лесно да се протолкуваат и да се објаснат,
- Да можат да се реализираат навреме, да се ефективни и технички изводливи.

Секој индикатор има валидност (да може да се измери точно) и со сигурност (да се води сметка за родот на исти податоци во повторените мерења на вариабилата), а, за одредени индикатори, постои можност за користење на меѓународни или индустриски стандардизирани показатели.

# 8. ПОСТАПКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ[33]

Ризикот е настан или состојба кој/а, ако се случи, може да има позитивно или негативно влијание врз целите на Стратегијата. Управувањето со ризикот е процес на идентификување, оценување, одговарање, мониторинг/следење и известување за ризиците.

Планот за управување со ризици дефинира како се идентификуваат ризиците поврзани со Стратегијата, како истите се анализираат, и како се отстрануваат ризиците, односно како се намалува нивното негативно влијание. Планот дава преглед за тоа како се изведуваат активности за управување со ризик, како тој се евидентира и следи во текот на процесот на имплементирање на Стратегијата. Преку него може да се воедначат процедурите за идентификување и точно дефинирање на ризикот, односно истиот да може да се евидентира и приоритизира.

Планот за управување со ризиците е неопходен за раководството кое е одговорно за процесот на имплементирање на Стратегијата, а го изготвува работната група за подготовка на Стратегијата, во соработка со други стручни лица.

## 8.1 Процес

Работната група за подготовка на Стратегијата ги идентификува и анализира ризиците во текот на целиот процес на изработка и имплементација на Стратегијата. Ризиците ќе бидат идентификувани што е можно порано за да се минимизира нивното влијание. Работната група за подготовка на Стратегијата ќе се смета за одговорна за управување со ризиците, заедно со раководството одговорно за имплементација на Стратегијата.

## 8.2 Идентификација на ризик

Работната група за подготовка на Стратегијата ги идентификува ризиците, а во тој процес ги вклучи и засегнатите страни. Притоа, работната група се вклучуваше во оценување на фактори на животната средина, организациската култура и план за управување со активностите кои се дел од Стратегијата. Внимание се посветуваше и на резултатите од реализираните активности, претпоставките, ограничувањата, проценките на направените трошоци /напорот, ресурсите и други клучни аргументи. Евиденцијата за управување со ризикот може да се генерира и ажурира по потреба и податоците да се чуваат во електронска форма од страна на одговорно лице, назначено за тоа.

[33] Општина Струмица има изработено Стратегија за управување со ризици во 2009 год., која е донесена од страна на Градоначалникот на Општината и од март 2009 практично се применува во работа на органи на Општината. Во тек е процесот на ажурирање на оваа Стратегија, со изготвување на мапа на ризици.

## 8.3 Анализа на ризикот

Сите идентификувани ризици се проценуваат за да се определи опсегот на можни исходи на одредена активност или проектот како дел од истата. Квалификацијата/проценката на ризиците се користи за да се утврди кои ризици се на врвот на веројатноста од нивно влијание за да може на тоа да се одговори соодветно и, притоа, да се утврди кои ризици можат да се игнорираат.

### 8.3.1 Квалитативна анализа на ризик

Веројатноста и влијанието на настанување на секој идентификуван ризик се оценува од страна на оној кој раководи со одередена активност/проект, во координација со тимот кој што раководи со имплементацијата на Стратегијата, користејќи го следниот пристап при квалификувањето:

### 8.3.2 Веројатност

- Висока - Поголема од 70% веројатноста за појава
- Средна- Помеѓу 30% и 70% веројатност за појава
- Ниска - Помалкуод 30% веројатност за појава

### 8.3.3 Влијание

- Високо (В) - Ризик кој има потенцијал во голема мера да влијае на трошоците на активноста/проектот во поглед на обезбедувањето на ресурсите или реализацијата
- Средно (С) - Ризик кој има потенцијал малку да влијае на трошоците на активностат/проектот, во поглед на обезбедувањето на ресурсите или реализацијата
- Ниско (Н) - Ризик кој има релативно мало влијание врз цената, обезбедувањето на ресурсите или реализацијата




Во поглед на ризици кои се во црвена и жолта зона се подготвува одговор, односно ќе се планира постапување по тој ризик што вклучува намалување на ризикот и изработка на план за појавување на вонреден ризик.

### 8.3.4 Квантитативна анализа на ризикот

За анализа на ризични настани кои се приоритетни, се користи квалитативен процес на анализа на ризик и неговото влијание на активностите на Стратегијата. Таквиот ризик се проценува со нумерички рејтинг, метода која се применува на секој ризик врз основа на оваа анализа, а потоа се документира во дел на планот за управување со ризик.

## 8.4 Одговор и планирање на ризик

Секој голем ризик (оние што спаѓаат во црвени и жолти зони) му е доделен на еден член на тимот одговорен за имплементација на Акциониот план на Стратегијата, со цел истиот соодветно и постојано да се следи, во поглед на веројатноста и влијанието. За секој голем ризик, еден од следниве пристапи може да биде апликабилен/соодветен:

- Избегнување– елиминирање на заканата со елиминирање на причината
- Ублажување – идентификување на начините за намалување на веројатноста и влијанието на ризикот

- Прифаќање - ништо нема да се направи во поглед на ризикот
- Трансферирање–префрлање на одговорноста на посебен тим/организација која ќе биде одговорна за одреден ризик (осигурување кај соодветна осигурителна компанија, аутсорсинг, итн).

За да се обезбеди со сигурност дека секој ризик ќе биде ублажен, најпрвин ќе се бараат сите можни начини да се спречат условите/причините за појавување на ризикот или да се намали неговото влијание и веројатност за случување. Ова може да вклучува креирање на прототип на можниот ризик, а може и да се определат дополнителни и задачи и да се адаптира имплементацијата на активноста/проектот, додавајќи ресурси, итн.

За да се ублажи секој голем ризик или истиот да се прифати и по него да се постапува, во текот на акцијата се наведуваат мерките кои треба да се преземат со цели кога би се случил ризикот, неговото влијание сепак, да се минимизира.

## 9. НАЦРТ - АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА, 2016-2020

| **Стратешка цел 1** ***Одржлив развој на економијата и обезбедени конкурентни инвестициски можности и нивна забрзана реализација*** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Активност | Детални чекори, проекти, мерки | Очекуван резултат-долгорочен и краткорочен | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет | Вид на ризик и проценка на нивото на ризикот (високо, средно или ниско) | Активност за намалување на ризикот |
| Специфична цел 1.1 Подобрена економија за 25% и повисоки резултати во работењето на постојните индустриски капацитети за 25 % од сегашните | | | | | | | | | | |
| 1.1. 1 | Воспоставување на детална база на стопанските капацитети и производите кои се произведуваат | Анализа на состојбата<br>Определување на тим<br>Техничка екипираност<br>Процедура за редовно ажурирање на податоците | Воспоставена детална база на стопанските капацитети и производи кои се произведуваат | Број на опфатени стопански капацитети и број на регистрирани производи | Извештај/ преглед на состојбата од воспоставената база | Одделение за ЛЕР | Јануари 2017 | 300.000, 00 МКД | Незаинтересираност на стопанските субјекти за давање податоци (ниско) | Претходна консултација и промоција на целите пред бизнис секторот |
| 1.1. 2 | Креирање на политики за донесување на административни мерки за подобрување на | Анализа на состојбата<br>Донесување на соодветни одлуки на | Усвоени напредни политики за подобрување на бизнис климата | Донесени одлуки на Совет на Општината<br>Број на стоп. субјекти кои ги искористиле мерките | Извештаи од реализираните одлуки/мерки | Тим од одделение на ЛЕР во соработка со Одделението за административна поддршка | Декем-2016 | н/а | н/а | н/а |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бизнис климата | Советот на Општината | | | | | | | | |
| | | Промоција и следење на имплемента цијата | | Процент на подобре-ност како резултат од реализација на секоја од мерките | | | | | | |
| 1.1. 3 | Целосно инфраструк турно уредување на индустри-ските Зони | Изготвување на проектно техничка документаци ја | Целосно инфраструк турно уредени индустри-ски зони | Поставена инфраструк-тура во единица мерка | Годишни извештаи од Секторот за урбанизам и комунални работи | Секторот за урбанизам и комунални работи | Декем 2020 | 500.000. 000 МКД | Нерешени имотно правни односи (високо) | Навремено изготвен елаборат и целосно завршува ње на постапките за експропри-јација |
| | | Разрешува-ње на имотно правни односи | | Број на издадени одобренија за употреба | | | | | Нецелосно почитување на обврските преземени со потпишување на договорите од страна на избраните изведувачи (средно) | Зајакнува-ње на казнените одредби во договорите со избраните изведувачи на работите со воведува-ње на дополни-телни одредби во договорите |
| | | Имплемента ција на проектите | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | кои содржат плаќање на казни/ пенали за евентуално неисполнување на превземените обврски |
| 1.1.4 | Изградба на повеќенаменски објект за оджување на саемски манефестации, изложби, промоции и концерти | Изготвување на проектно техничка документација<br>Разрешување на имотно правни односи<br>Имплементација на проектот | Изграден поќенаменски објект за оджување на саемски манефестации, изложби, промоции и концерти<br>Изготвен елаборат за експропријација | Издадено одобрение за употреба на објектот<br>Број на одржани манфестации на годишно ниво | Извештај на Сектор за урбанизам и комунални работи | Сектор за урбанизам и комунални работи во соработак со Сектор за ЛЕР | Јуни 2018 | 200.000.000 МК | Целосно заокружување на финансиска конструкција (високо)<br>Нецелосно почитување на обврските преземени со потпишување на договорите од страна на избраните изведувачи (средно) | Анализа на постојните извори за финансирање кои се на располагање<br>Зајакнување на казнените одредби во договорите со избраните изведувачи |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | Нерешени имотно правни односи (средно) | на работите со воведување на дополнителни одредби во договорите кои содржат плаќање на казни / пенали за евентуално неисполнување на превземените обврски |
| | | | | | | | | | | Навремено изготвен елаборат и целосно завршување на постапките за експропријација |
| | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2. 1 | Подигнува-ње на капацитети-те на претставни-ците на стопанските субјекти за искористува ње на финансиски средства за инвестира-ње во развојни проекти | Промоција на можноста за подигнува-ње на капацитети | Обучени 100 учесници, претставниц и од бизнис секторот за искористува ње на финансиски средства за инвестирањ е во развојни проекти | Број на издадени сертифика-ти | Извештај на Сектор за ЛЕР | Одделение за европски фондови при Секторот за ЛЕР | Јуни 2018 | 300.000 МКД | Недоволен интерес на стопански субјекти (средно) | Зајакната медиумска промоција и можност за директна консултаци ја со засегнатите страни |
| | | Идентифику вање на заинтереси рани субјекти и нивните потреби | | Број на подготвени апликации за проекти | | | | | | |
| | | Дизајнирање на соодветни обуки, избор на обучувачи и реализација на програмата за обука | | Број на прифатени проекти и износ на одобрени средства за нивна имплемента ција | | | | | | |
| | | Евалуација на обучените учесници и нивно сертифици-рање | | | | | | | | |
| Специфична цел 1.3 Зголемен број на нови бизниси на млади претприемачи за 20% | | | | | | | | | | |
| 1.3. 1 | Организира ње на бизнис форуми | Воспоставу вање соработка со домашни и странски субјекти и | Организи ран бизнис форум(и) | Број на официјали-зирани договори за партнерство и соработка | Извештај од ЛЕР за реализи-рана активност | ЛЕР и одделение за ЕУ | Декем 2018 | 600.000 МКД | Заинтересира ност на млади претприемачи и бизнисмени (средно) | Засилена медиумска промоција за корисноста од учество |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | општини | | Број на поднесени проектни апликации за заеднички настапи сп цел за добивање средства од расположиви финансиски извори | | | | | | на бизнис форум и дирекна комуникација и консултативни средби со млади бизнисмени и претприемачи |
| | | Идентификување на заинтересирани претставници од бизнис секторот | | | | | | | | |
| | | Реализација на бизнис форумот | | | | | | | | |
| | | | | Износ на добиени средства за имплементација | | | | | | |

| **Стретешка цел 2** ***Унапредено земјоделство и зголемен квалитет на живот во руралните средини*** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Акти-вност | Детални чекори, проекти, мерки | Очекуван резултат-долгорочен и краткорочен | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет | Вид на ризик и проценка на нивото на ризикот (високо, средно или ниско) | Активност за намалување на ризикот |
| Специфична цел 2.1 Подобрени услови во руралните средини за развој на земјоделско производство за над 30 % од постојните показатели | | | | | | | | | | |
| 2.1 .1 | Анализа на квалитетот | Креирање методологија за | Анализа за квалитет на | Донесени општински | Одлуки на | Сектор за ЛЕР | Декември | 500.000 МКД | Недоволен број на кадар | Навремено обезбедување |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на животот во руралните средини | истражување во областа | живот во руралните средини, со заклучоци и препораки | политики (одлуки на Совет на Општината) во однос на препораки те | Советот на Општина та | со поддр-шка на невла-дин сектор/ НВО | 2018 | | за реализирање на истражувања та (ниско) | на соодветни информации и нивно објавување |
| | | Имплементирање на методологијата/ спроведување на истражување | | | | | | | Недоволно обучен кадар (ниско) | Реализирање на обуки |
| | | Идентификување на заклучоци и препораки и донесување Одлуки на Совет на Општината со кои ќе се креираат соодветни политики за унапредување на квалитетот на живот во руралните средини | | | | | | | | |
| 2.1.2 | Продолжу-вање на гасоводна-та мрежа кон Земјодел-ските површини | Подготовка на проектно техничка документација | Реализирана гасоводна мрежа | Изготвена проектно-техничка документа ција | Извештај за работа-т на ЈП Струми-ца Гас | ЈП Струми ца Гас | Дек. 2020 | 60.000.000 МКД | Необезбеде-на согласност за задолжувува ње на Општината која што ја издава Министерств ото за финансии (високо) | Лобирање пред надлежната институција |
| | | Решавање на имотно правни односи | Изготвен елаборат за експропријација | | | | | | | Навремено изготвен елаборат и целосно завршување на постапките за експропријаци-ја |
| | | Донесување на примарна гасоводна мрежа до приградските населени места | | | | | | | | |
| | | Надополнување на техничките кацитети на ЈП Струмица Гас | Зголемен капацитет на станица за декомпресија на природен гас | Километри на изградена гасоводнам режа | | | | | Нерешени имотно правни односи (средно) | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | (метан) на ЈП Струмица Гас | | | | | | | |
| 2.1.3 | Подобрување на условите на зелените и сточните пазари во Општината | Подготовка на проектно техничка документација<br>Реализирање на проектната документација | Уредени зелени и сточни пазари по повисоки стандарди | Големина на уредената површина, изразена во м2<br>Број на корисници | Извештај од ЈПКД Комуна-лец | ЈПКД Комуна лец | Дек. 2017 | 2.000.000 МКД | н/а | н/а |
